ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Друштво за приредување игри на среќа
Касинос Аустриа ДОО
Бр. 03-1706/2
23.11. 2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 61/2015 и 154/2015), член 235 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013, 120/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014 и 88/2015), член 19 од Договорот за основање на Друштвото за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје 02-825/1 од 09.06.2015 година, и Одлуката за спроведување на постапка за Отворен повик број 01-ДС/2015 заведен со архивски број 03-1706/1од 20.11.2015 година, Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје објавува

# ОТВОРЕН ПОВИК БР. 01-ДС/2015
## за доставување на понуди за склучување на договор за деловна соработка за овозможување на уплати на парични средства од регистрирани учесници во интернет игрите на среќа преку електронски трансфер

## I. ПРЕДМЕТ НА ОТВОРЕНИОТ ПОВИК

Се објавува отворен повик за доставување на понуди за склучување на договор за деловна соработка за овозможување на уплати на парични средства од регистрирани учесници во интернет игрите на среќа преку електронски трансфер.

Целта на отворениот повик е овозможување на повеќе алтернативни начини на уплата на парични средства од регистрираните учесници во интернет игрите на среќа на ДВЛМ.

Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ДВЛМ) ги повикува заинтересираните деловни соработници, регистрирани за соодветната дејност, да достават понуда за овозможување на уплати на парични средства (во понатамошен текст: Депозити) од регистрирани учесници во интернет игрите на среќа (во понатамошен текст Играчите) преку електронски трансфер, во рамки на системот за организирање на интернет игри на среќа на ДВЛМ.

Договор за деловна соработка ДВЛМ ќе склучи со секое правно лице кое ќе ги задоволи условите пропишани со овој Отворен повик, за извршување на бараната услуга.

### I.1 ОПИС НА УСЛУГАТА

Електронски трансфер е систем на пренос на парични средства од една на друга сметка без директна размена на банкноти. Се однесува на секој трансфер на средства преку електронски терминал како: АТМ терминали, интерактивни киосци, ПОС - точки на продажба, интернет и мобилни сервиси за плаќања и др.

Деловниот соработник треба да овозможи уплати на парични средства од регистрирани учесници во интернет игрите на среќа преку електронски трансфер, во рамки на системот за организирање на интернет игри на среќа на ДВЛМ.

Процесинг центарот на деловниот соработник треба да воспостави безбедна комуникациска врска со платформата за интернет игри на среќа на ДВЛМ. Комуникацијата помеѓу Процесинг центарот и платформата за игри на среќа се одвива во согласност со техничката документација на Комуникацискиот интерфејс на платформата на ДВЛМ.

Процесинг центарот на деловниот соработник ќе овозможи играчите да вршат депозити во реално време преку терминалната мрежа, при што ДВЛМ во реално време ќе ја има информацијата за извршените уплати од играчите.

Паричните средства од извршените уплати од страна на играчите во рамките на системот за организирање на интернет игри на среќа, треба да се префрлуваат на посебната сметка за регистрираните учесници во игрите на среќа, која ДВЛМ ја има во банка со седиште на територијата на Република Македонија најдоцна следниот работен ден по извршената уплата.

Деловниот соработник провизијата од услугата за извршените депозити ќе ја наплаќа директно од учесниците во интернет игрите на среќа, односно од овој Договор нема да произлезат никакви финансиски импликации по однос на ДВЛМ.

Задолжителни предуслови кои треба да бидат задоволени при секој електронски трансфер се:

- Играчот веќе да има регистрирано своја сметка во системот за организирање на интернет игри на среќа на ДВЛМ и
- висината на износот за уплата да не ги надминува минималните и максимални лимити на депозити дефинирани за Играчот, во Општите услови и другите правила за учество во интернет игрите на среќа на ДВЛМ, како и ограничувањата согласно законската регулатива во Република Македонија.
- трансакцијата да се спроведе само кога Играчот има доволно лични расположливи средства за да се изврши уплатата заедно со пресметаната провизија;

Дополнително, избраниот деловен соработник треба задолжително да обезбеди:

- посредување при разрешување на евентуални оспорувања на направените трансакции;
- на Играчот недвосмислено да му биде прикажана провизијата за извршената услуга, јасно видлива и одделена од износот кој Играчот го уплаќа на неговата сметка за игра.
- детален увид во извршените трансакции на електронски трансфер, на кој ДВЛМ може да му пристапи во секое време.

## I.2 НИВО НА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГАТА

Избраниот Деловен соработник треба да обезбеди користење на Услугата непрекинато 24 часа во текот на денот, седум дена во неделата, освен во случаи на примање на депозити преку ПОС точките на продажба, АТМ терминали, интерактивни киосци и сл., кои се физички лоцирани во затворени објекти, при што во тој случај важи работното време на деловниот простор.

Правата и обврските на договорните страни, меѓу кои континуитетот и начинот на обезбедување на Услугата, решавањето на рекламациите, правната заштита и поддршка при давањето на Услугата ќе бидат регулирани во Договорот кој ќе се склучи помеѓу Деловниот соработник и ДВЛМ.

## II. УСЛОВИ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

За да учествува во постапката за избор на деловен соработник за доделување на договорот за деловна соработка, неопходно е да бидат исполнети следните услови:

## II.1 ОПШТИ УСЛОВИ

За да учествува во отворениот повик, заинтересираниот понудувач треба да докаже дека е способен за извршување на бараната услуга со доставување на документи за:

- Лична состојба;
- Способноста за вршење професионална дејност и
- Стандарди за системи за квалитет.

### II.1.1. Документи за докажување на лична состојба

1. Документ за регистрирана дејност;
2. Адреса, контакт телефон, електронска адреса
3. Изјава/Согласност за солемнизација на Договорот за деловна соработка кој ќе треба да се потпише, на свој трошок, со што ќе се гарантира извршување на преземените обврски;
4. изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
5. Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија;
6. Документ за бонитет од Централен регистар на Република Македонија;
7. Потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
8. Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
9. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
10. Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правното лице дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно - приватно партнерство.

Документите (од реден број 5 до реден број 10) кои се приложуваат кон понудата не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци и треба да се достават во оригинал или во нотарски заверена копија.

Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

### II.1.2. Документи за докажување на способноста за вршење професионална дејност

За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност за овој дел, понудувачот треба да има на располагање документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

### II.1.3. Документи за докажување на системите за квалитет за кои е сертифициран понудувачот

Понудувачот треба да достави документи и/или изјава потпишана од страна на одговорното лице со кои ќе потврди дека деловниот соработник или неговиот Процесинг центар ги исполнува системите за квалитет неопходни за неговото работење во согласност со законските прописи во

Република Македонија и актуелните меѓународни стандарди, односно Имплементиран систем за управување со безбедност на информации.

## II.2 ПОСЕБНИ УСЛОВИ

За да учествува во Отворениот повик, заинтересираниот деловен соработник, покрај Општите услови од точка II.1, треба задолжително да ги исполнува и следните посебни услови:

- да има развиен систем за електронски трансфер на пари кој функционира во Република Македонија;
- да има техничка опременост и оспособеност и други потенцијали за извршување на конкретните услуги;
- да има ангажиран технички персонал.

Докажувањето на посебните услови, од точка II.2 се врши со приложување на:

- Изјава за поседување на развиен систем за електронски трансфер на пари, со податоци за вкупен број и локации на терминали, број на извршени трансакции и сума на средства префрлени на овој начин за последната 1 (една) година;
- листа за техничката опременост и оспособеност на деловниот соработник, и за други потенцијали со кои тој располага за извршување на конкретните услуги и обезбедување на соодветен квалитет; потпишана од страна на одговорното овластено лице.
- листа за ангажиран технички персонал, потпишана од страна на одговорното лице.

## III. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ И ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА

**III.1.** Понудата за доделување на Договор за деловна соработка за овозможување на уплати на парични средства од регистрирани учесници во интернет игрите на среќа преку електронски трансфер, треба да биде доставена во писмена форма, во 1 (еден) оригинален примерок преку пошта или со доставување во писарницата на Државната видеолотарија на Република Македонија.

<u>Адреса за доставување на понудите е:</u>

**Државна видеолотарија на Република Македонија, бул. Гоце Делчев 8, п.ф. 110, 1000 Скопје, Република Македонија, зграда на МРТ, кат 2.**

Постапката за склучувањето на договорите за деловна соработка ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за склучувањето на договор за деловна соработка.

**III.2.** Рокот на важност на понудите е 6 (шест) месеци од денот на поднесување на понудата. Рокот е задолжителен.

- Понудите со бараната документација се доставуваат во затворен плик со ознака „**За отворен повик за склучување на Договори за деловна соработка број 01-ДС/2015**“ Понудата се доставува во 1 (еден) оригинален примерок, кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на Понудувачот.
- Понудата треба да биде заверена и потпишана од одговорното лице на Понудувачот. Понудувачите кои поднеле некомплетна и невалидна документација, се исклучуваат од постапката и нивните понуди нема да се разгледуваат.
- Понудата и сите нејзини пропратни документи се доставуваат на Македонски јазик.

**Напомена:** Понудата доставена од страна на деловен соработник (правно лице) за кое ќе се утврди дека по било кој основ има неплатени обврски спрема Државната видеолотарија на Македонија, нема да биде разгледувана.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИЗБРАНИОТ ДЕЛОВЕН СОРАБОТНИК

Правата и обврските на договорните страни детално ќе се дефинираат во Договорот за деловна соработка.

Деловниот соработник се обврзува да му ги стави на располагање услугите предмет на Договорот за деловна соработка на ДВЛМ, на начин и услови дефинирани во овој Отворен повик и Договорот.

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди целосна 24/7 техничка поддршка на услугата.

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди можност за тестирање и функционална интеграција на услугите со системот за игри на среќа на ДВЛМ.

## V. БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Деловниот соработник се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина, и тоа во рок од 8 (осум) дена од денот на потпишување на овој договор со важност од 2 (две) години и 14 (четиринаесет) дена.

Минималната (почетна) висина на банкарската гаранција изнесува 2000 (две илјади) евра.

На крајот на секое тромесечје од кога предметните услуги ќе бидат ставени на располагање, сразмерно на обемот на реализираните уплати на парични средства за период од изминатите 3 (три) месеци, деловниот соработник ќе ја усогласи банкарската гаранција до износ кој не смее да биде помал од просечниот 7 (седум) дневен промет за дадениот период на пресметка и од минималната висина од 2000 евра.

Зголемената банкарска гаранција деловниот соработник треба да ја обезбеди во рок од 8 (осум) дена од почетокот на новиот пресметковниот период.

Деловниот соработник има можност да достави нова зголемена банкарска гаранција или Анекс кон претходно доставената, во зависност од можностите и договорот со матичната банка.

Деловниот соработник има обврска да ја обновува банкарската гаранција секоја втора година, за целото времетраење на Договорот.

Деловниот соработник има обврска да отпочне постапка за обнова на гаранцијата најдоцна 1 (еден) месец пред истекот на активната банкарска гаранција и за тоа да ја извести ДВЛМ.

Доколку Деловниот соработник не ја достави обновената банкарска гаранција најдоцна 14 (четиринаесет) дена пред истекот на активната, ДВЛМ има право да ја наплати активната банкарска гаранција и да го раскине Договорот.

Наместо банкарска гаранција, Деловниот соработник може да депонира средства на трансакциската сметка на ДВЛМ.

Услов за полноважност на Договорот е обезбедување на банкарска гаранција односно депонирање на средства за да предметниот договор стапи на сила.

## VI. СОЛЕМНИЗАЦИЈА И ИЗВРШНА КЛАУЗУЛА

Договорот за деловна соработка задолжително се солемнизира на нотар на трошок на деловниот соработник.

Договорот задолжително ќе содржи извршна клаузула – изречна изјава на деловниот соработник (Сопственикот- солидарен должник) дека е согласен врз основа на Договорот кој се заверува кај нотар непосредно да се спроведе присилно извршување врз имотот на должникот заради наплата на неизмирените обврски спрема ДВЛМ и другите трошоци и надоместоци определени во Договорот.

## VII. РОК И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

По конечноста на Одлуката за избор на најповолен понудувач, избраниот/те учесник/ци на отворениот повик е/се должен/ни да склучи/ат Договор за деловна соработка, најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставување на Одлуката и истиот да го солемнизираат кај Нотар.

Договор за деловна соработка ќе се склучи со секој од понудувачите кои ги исполнуваат сите (општи, посебни) услови распишани во отворениот повик од страна на ДВЛМ, на период од 2 години време, со можност за продолжување.

## VIII. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За добивање на дополнителни информации, заинтересираните можат да се обратат до Државната видеолотарија на Република Македонија, на адресата contact@videolottery.mk.

Комисија за спроведување на постапка за склучување на
договори за деловна соработка